ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Соопштение за медиуми -

Скопје, 04.08.2022 година

# Застој, бавна динамика и зголемени трошоци за инфраструктурните проекти

*Постои застој и бавна динамика на реализацијата на стратешките инфраструктурни проекти, а трошоците за проектите се зголемени поради повисока цена на чинење на изградбата од првично планираната, како и поради споредни трошоци*

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема **“Задолжување на субјектите од јавниот сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите и платени и створени трошоци** “ со цел да даде одговор на прашањето:

**Дали јавните инвестиции кои се финансираат со средства од заеми се реализираат на ефикасен и економичен начин?”**

Со извршената ревизијата констатирано е:

- дека во управувањето со јавни инвестиции **отсуствува** системска правна рамка, постапки и процедури, надлежни институции и дефинирани индикатори за систем за мониторинг и надзор на спроведувањето на јавните инвестиции што придонесува за ненавремено преземање на корективни мерки;
- главните проекти се следат на децентрализиран начин за кои **не постои** сеопфатна слика за напредокот во имплементацијата;
- регулативата од областа на градење во целост **не придонесува** за ефикасна имплементација на проектите по меѓународни FIDIC услови за градба;
- склучените договори за изградба според меѓународните FIDIC условите, **предизвикуваат** дополнителни трошоци и ризици од дополнителни

побарувања од изведувачот, ризик од раскинување на договорите и меѓународна арбитража;

- кај проектите има **отстапувањата** на градбата од основниот проект и се признаени дополнителни и непредвидени работи во текот на градбата (варијации);
- со **нерешена експропријација** издадени се одобренија за градба за линиски инфраструктурни проекти регулирано во Законот за градење. Комплексната постапка за утврдување на надоместокот за експропријација, како и постапката за одобрување на проекти за инфраструктура влијаат на степенот на реализација – **бавна динамика и застој на проектите** .

Со ревизијата опфатени се проекти за кои се создадени трошоци во износ од **58 милиони евра** кои се однесуваат на еднократна провизија, камата за повлечени средства и провизија за неповлечени средства.

**ТРОШОЦИ** по договори **ЗА ЗАЕМИ** (2010-2021)

| 11 РЕВИДИРАНИ ПРОЕКТИ | ЗАЕМ | ПОВЛЕЧЕНИ С-ВА | ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|
| Изградба на автопатска делница Кичево Охрид | 505.044.966 $ | 382.598.046 $ | 38.634.019 $ |
| Програма за Национални патишта | 181.000.000 € | 90.774.210 € | 7.091.325 € |
| Кичево Охрид, дополнително финансирање | 179.694.573 $ | / | / |
| Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце – Крива Паланка | 145.000.000 € | 1.450.000 € | 6.384.940 € |
| Надградба и развој на Ранковце – Крива Паланка | 73.000.000 € | 32.347.299 € | 1.655.085 € |
| Изградба на експресен пат Штип – Радовиш | 64.000.000 € | 64.000.000 € | 2.890.219 € |
| Водоснабдување и одводнување отпадни води во општините во РСМ | 50.000.000 € | 40.140.000 € | 3.038.865 € |
| Рехабилитација на железничката пруга на прва делница Куманово Бељаковце | 46.400.000 € | 31.900.955 € | 2.766.377 € |
| изградба и модернизација на Регионален клинички центар - Штип | 26.937.458 € | 13.500.000 € | 320.098 € |
| Ремонт на железничка пруга на Коридор 10 | 17.600.000 € | 16.318.013 € | 1.308.761 € |
| Патна делница Крива Паланка- Деве Баир | 10.000.000 € | 5.100.000 € | 255.129 € |
| | | ВКУПНО ТРОШОЦИ: | 57.998.830 € |

Ревизорите утврдија дека кај субјектите кои се надлежни за реализација на проектите, проектната документација **не е резултат** на системски, технички, економски и финансиски анализи.

Имено, склучени се договори за изградба во износ од **12.856.639 илјади денари** , чија вредноста **е зголемена на 15.354.883 илјади денари** поради признавање на дополнителни и непредвидени работи.

Со анализа на приходите на ЈП за државни патишта утврдивме дека приходите се помали од вредноста на вкупните инвестиции на годишно ниво, освен за 2020 и 2021 година, што предизвикува неизвесност во реализацијата на инвестициите во патната инфраструктура.

Ревизорите утврдија дека мнозинството од проектите кои се реализираат од страна на **ЈП за државни патишта** се започнати **во период од 2014-2016 година** .

Тие имаат бавна динамика на реализација која се должи на слабости во техничките решенија како дел од проектната документација, раскинување на договори со изведувачи од различни причини, покренување на постапка за меѓународна арбитража, административни пречки за започнување на експропријацијата, комплексна правна рамка со повеќе вклучени институции за утврдување на надоместокот за експропријација која го блокира ефикасното решавање на експропријација.

Проект Автопат Кичево Охрид




Исто така, со ревизијата се констатира дека финансиското работење на ЈП ЖРСМ **Инфраструктура** со загуба и недостиг на финансиски средства во подолг период, негативно влијае врз навремената реализација на стратешките проекти и сервисирање на долгот по договорите за заем.
Проектите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура се отпочнати **во периодот 2012-2014 година** и истите се во застој, не се доврешени, **а од 2018-2019 година** степенот на реализација во просек **е само 1% на месечно ниво** и **во 2019 и 2020 година** договорите за Коридор X и VIII **се раскинати.**
Во период на вршење на ревизијата во тек беа евалуации за избор на нови изведувачи за Коридор X и VIII.

Изградба на Коридор VIII – фаза 1




Изградба на Коридор VIII – фаза 2




Поради бавната динамика на реализација на проектот, измените во проектната документација, откажување на кредиторот од договорот за заем и понатамошно финансирање на проектот, **постои неизвесност** за завршување на проектот **за Изградбата на Регионалниот клинички центар Штип** .

Оваа состојба ги усложнува понатамошните постапки за продолжување и реализација на проектот од страна на Владата на РСМ и надлежните институции, со ризици од зголемена цена на проектот, дополнителни трошоци и ефикасно управување со проектите




Со цел надминување на наведените состојби, ефекти и резултати, во ревизорскиот извештај дадени се препораки во функција на подобрување и унапредување на целокупниот процес на управување со јавните инвестиции.

Прес контакт:
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk